# ПРАВИЛНИК ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

# ЗА СЕНИОРСКИ ЛИГИ

# ПРВА ЛИГА МАЖИ, ПРВА ЛИГА ЖЕНИ, ВТОРА ЛИГА МАЖИ И АМАТЕРСКА ЛИГА МАЖИ

# СЕЗОНА 2025/26

Врз основа на член 43 од Статутот, Управниот одбор на Кошаркарската Федерација на РС Македонија, на седницата одржана на ден 20.09.2025 година, го донесе следниот Правилник за натпреварување.

## 1.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

(1) Овој Правилник ги уредува општите правила за организирање и спроведување на натпреварувањата под надлежност на КФСМ.

(2) Правилникот важи за сите лиги и куп-натпреварувања во сениорска и младинска конкуренција, освен ако со посебен акт не е поинаку утврдено.

### Член 1.

Екипа која ќе се пријави за учество во одреден степен на натпреварување во лигата, а по одредување на групите, ќе се повлече без оправдана причина, ќе се казни со парична казна во износ од педесет илјади (50.000) денари и ќе нема право да ја пријави својата екипа за следните две (2) натпреварувачки сезони во таа лига.

Екипа која ќе се пријави за учество во одреден степен на натпреварување во лигата, а по одредување на групите и одигрување на еден (1) натпревар, ќе се повлече без оправдана причина, ќе се казни со парична казна во износ од сто илјади (100.000,00) денари и ќе нема право да ја пријави својата екипа за следните две (2) натпреварувачки сезони во таа лига.

Екипа која самоволно нема да настапи во разигрување, или во завршницата за државен првак и Куп на РС Македонија, ќе биде исклучена од понатамошниот тек на натпреварување и ќе се казни со парична казна во износ од сто и педесет илјади (150.000) денари и ќе нема право да ја пријави својата екипа за следните две (2) натпреварувачки сезони во таа лига.

### Член 2.

Овој Правилник ги уредува основните прописи за сите натпреварувања и претставува основа за решавање на сите прашања во врска со натпреварувањата. Кошаркарските натпреварувања се организираат за:

2.1. Спортисти, кои својата активност како кошаркари ја извршуваат аматерски,

2.2. Спортисти, кои својата активност како кошаркари ја извршуваат професионално.

Член 3.

Правата, обврските и одговорностите на учесниците во натпреварувањата, нивните меѓусебни односи, правата и должностите на службените лица на натпреварите, специфичноста на поединечни натпреварувања како и други прашања кои се однесуваат на натпреварувањето, се регулираат со посебни прописи:

- Пропозиции за натпреварување, кои мора да бидат во согласност со одредбите од овој Правилник.

Член 4.

Раководењето со сите натпревари во рамките на системот на натпреварување на подрачјето на РС Македонија е во надлежност на Управниот одбор на КФСМ.

Извршувањето на оваа надлежност, Управниот одбор на КФСМ може да ја довери на соодветни Здруженија на клубови во секој степен на натпреварување, со договор во кој се регулираат сите права и обврски и времето на важност, им го пренесува правото на спроведување на натпреварувањето во соодветниот степен, со цел внатрешно уредување на односите кои произлегуваат од натпреварувањето.

За непосредно водење на натпреварувањата Управниот одбор на КФСМ именува комесар за натпреварување кој раководи со сите натпреварувања во лига системот и Куп натпреварите на РС Македонија, во сите сениорски категории на натпреварување, како и со комесарот за натпреварување во младинските категории.

Член 5.

Сите натпревари се играат согласно одредбите од службените кошаркарски правила издадени од Меѓународната кошаркарска федерација - ФИБА, чие толкување го дава Националниот ФИБА инструктор за РС Македонија.

Член 6.

Комесарот за натпреварување изготвува Пропозиции за натпреварување врз основа на одредбите на овој Правилник, за сите видови на натпреварувања во РС Македонија и во сите категории на натпреварувања, како и Правилник за работа на комесарот.

Пропозициите за натпреварување и Правилникот за работа на Комесарот ги усвојува Управниот одбор на КФСМ.

Член 7.

Во сениорските лиги кои се во организација на КФСМ, можат да се натпреваруваат само клубови кои се различни правни субјекти. Во истата конкуренција (машка, или женска):

- Не е дозволено клуб - ист правен субјект, да се натпреварува во истата лига, или во некоја од пониските лиги во организација на КФСМ,
- Не е дозволено исто лице, сопственик на клуб, управител на клуб, членови на надзорен одбор на клубот, како и лица пријавени на образецот за упис и членство во КФСМ (претседател, секретар и лице за контакт) да бидат пријавени и во друг клуб во кој е различен правен субјект и се натпреварува во некоја од лигите на КФСМ во машка и женска конкуренција во пријавата на играчи и пријавата за натпревар.

Член 8.

Клубовите се должни да организираат осигурување и здравствена заштита на играчите и тренерите.

Член 9.

Клуб чиј играч(и) учествува(ат) на официјално натпреварување во составот на која било репрезентација на РС Македонија, има право да одложи првенствен(ни), или Куп натпревар(и).

## 2.СИСТЕМ И КАЛЕНДАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Член 10.

Системот за натпреварување во сите степени на натпреварување во РС Македонија и бројот на екипи учеснички во секој степен поединечно, го утврдува Управниот одбор на КФСМ, на предлог на стручниот совет и комесарот за натпреварување.

Пред конечното утврдување на системот за натпреварување, може да се побара мислење од страна на соодветните Здруженија на клубови за секој степен на натпреварување поединечно.

Одлуката за систем на натпреварување мора да биде донесена пред почетокот на натпреварувачката сезона.

Федерацијата може да донесе одлука која се однесува за промена на системот на натпреварување во текот на натпреварувачката сезона, а е во согласност со одлуките на Владата на РС Македонија, во случаи кога ќе биде прогласена вонредна состојба,

јавно прогласена епидемија од надлежна владина институција, (пр. пандемија предизвикана од Ковид-19 и др.).

Системот за натпреварување се објавува како составен дел на Пропозициите за натпреварување. Во одлуката за системот на натпреварување ќе биде утврдено за која натпреварувачка сезона/и ќе важи тој систем.

Член 11.

Календарот за натпреварување за секоја натпреварувачка сезона го донесува Управниот одбор на КФСМ, на предлог на комесарот за натпреварување. Пред конечното утврдување на календарот за натпреварување, може да се побара и мислење од страна на соодветните здруженија на клубови за секој степен на натпреварување поединечно.

Член 12.

Натпреварувањата во организација на КФСМ и системот на натпреварување (двокружен бод систем, еднокружен бод систем, куп-систем, плеј-оф систем на разигрување, плеј-аут и други системи) ќе бидат утврдени со одлуката за системот на натпреварување за одредена сезона/и и ќе биде составен дел на Пропозициите за натпреварување.

## 3.ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАРИ

Клубовите кои се натпреваруваат во сениорски лиги треба да потпишат договор со КФСМ, како акт солемизиран кај нотар со извршна клаузула.

Член 13.

Натпреварувањето во сениорските категории во системот на првенствени и куп натпревари ги спроведува комесарот за натпреварување, како надлежен орган за натпреварување назначен од страна на Управниот одбор на КФСМ.

Член 14.

Комесарот за натпреварување ги регистрира сите натпревари во соодветниот систем, освен оние за кои е вложена жалба. Натпреварите на кои е вложена жалба, ќе бидат регистрирани по донесување на одлука по жалбата.

Член 15.

Жалба на натпревар се најавува со потпис на капитенот на екипата во предвидениот простор на службениот записник од натпреварот. Дополнението на жалбата на натпреварот се доставува до комесарот за натпреварување.

Член 16.

Постапувајки по жалбата комесарот за натпреварување може истата да ја усвои или да ја одбие. Кога жалбата ќе се усвои, натпреварот се поништува и се одредува термин за одигрување на нов натпревар, или натпреварот ќе се доигрува, или ќе се регистрира со службен резултат 2:0.

Кога жалбата ќе биде одбиена, комесарот за натпреварување го регистрира натпреварот со постигнатиот резултат. Неблаговремено поднесената жалба, комесарот за натпреварување ќе ја отфрли како недопуштена.

Член 17.

Еднаш регистриран натпревар од страна на комесарот за натпреварување не може да биде поништен од истиот орган.

Член 18.

Член 18 – Жалби против одлуки на Комесарот за натпреварување

(1) Против првостепена одлука на Комесарот за натпреварување за регистрација на натпревар, како и по жалба на натпревар, дозволена е жалба во втор степен до Арбитражната комисија на КФСМ во рок од три (3) дена од приемот на првостепената одлука.

(2) Жалба против парична казна изречена од Комесарот за натпреварување во износ до 10% од максималниот износ утврден за соодветната повреда со актите на КФСМ не е дозволена.

(3) Прагот од 10% се применува исклучиво на парични казни за натпреварувачко-оперативни пропусти (документација, LiveStats/резултат, термини, сала/опрема, бренд/медиуми, дресови, непочитување инструкција без дисциплински елемент).

(4) Ограничувањето од став (2) не се применува на дисциплински повреди, прашања на интегритет/safeguarding и мерки со спортски последици (службен пораз, одземање бодови, суспензија) — за кои жалбата секогаш е дозволена.

(5) Одлуката на Арбитражната комисија е конечна.

Член 19.

Со Пропозициите за натпреварување подетално е одредена постапката за вложување на жалби, како и утврдувањето на роковите предвидени во случај на жалба.

Со Пропозициите за натпреварување подетално се утврдуваат и должностите на организаторот на натпреварите, кои не може да бидат во спротивност со одредбите на овој Правилник.

Член 20.

За сите повреди на одредбите од Правилникот за натпреварување и Пропозициите за натпреварување, одлучува комесарот за натпреварување, кој може да изрече казни во сите случаи кога ќе утврди прекршок на овој Правилник, Пропозициите за натпреварување и Дисциплинскиот правилник на КФСМ.

Член 21.

Натпревар кој не е одигран во закажаното време поради оправдани причини: исклучување на електрична енергија, исклучување или застој во јавниот сообраќај, временска непогода или виша сила, ќе биде одигран во рок од 24 часа доколку Делегатот утврди дека тоа е можно.

Под поимот „виша сила" се подразбира секој настан кој не можел да биде предвиден и кој настанал вон вообичаениот и редовен тек на настаните.

Со Пропозициите за натпреварување се утврдуваат обврските на учесниците во натпреварувањето во однос на благовремено пристигнување на натпревар. Доколку натпреварот е прекинат поради дефект, или неисправност на техничките уреди во салата, кои истовремено не можат да бидат исправени-поправени, или се последица на виша сила, натпреварот мора да се одигра во наредните 24 часа.

Прекинатиот натпревар поради една од горенаведените причини, ќе биде продолжен - доигран од моментот на прекинот, со постигнатиот резултат и преостанатото време за игра.

Член 22.

Клуб може да одложи одигрување на веќе закажан натпревар, ако има оправдана причина поткрепена со документи, ако го стори тоа благовремено, најмалку осум (8) дена пред првозакажаниот термин.

Во покус рок (3 - 8 дена) е дозволено одложување на натпревар, само во следните случаи:

22.1. Аргументирана причина за одложување или измена на термин,

22.2. Одобрение - писмена согласност од противничката екипа,

22.3. Одобрение од Комесарот за Натпреварување,

22.4. Не е дозволено одложување на натпревар во временски рок помал од три (3) дена, освен во следните случаи:

22.4.1. Доколку е јавно прогласена епидемија на болест од градскиот, или републичкиот епидемиолошки центар,

4. ПЛАСМАН НА ЕКИПИТЕ

Член 23.

Пласманот на екипите се утврдува врз основа на освоени бодови во текот на натпреварувањето, а бодувањето се утврдува врз основа на Службените кошаркарски Правила на ФИБА.

Со системот за натпреварување се утврдува начинот на добивање на првак на РС Македонија, испаѓањето и пополнувањето на сите нивоа и степени на натпреварувањата, како и пласманот на екипите во европските клупски натпреварувања.

Исто така, со системот за натпреварување се утврдува и начинот на добивање на победник во Куп натпреварите на РС Македонија.

Член 24.

Зависно од успехот во натпреварувањето, екипите преоѓаат од повисок во понизок ранг и од понизок во повисок ранг.

Екипа која на крајот на сезоната преминува во понизок ранг на натпреварување, не може во наредната сезона да се врати, односно да се натпреварува во истиот степен на натпреварување.

Во случај ако се откаже екипа од повисок ранг, во таа натпреварувачка сезона ќе влезе екипа од понискиот степен по редослед од пласманот.

Редоследот ќе се утврди со еден натпревар на неутрален терен помеѓу двете второрангирани екипи.

Ако такви екипи не постојат, натпреварувањето ќе се одвива со помал број екипи во тој ранг.

Екипа која е исклучена од натпреварување пред почеток или во тек на натпреварувачка сезона, во ниту еден случај не може во наредната сезона да се врати во истиот степен на натпреварување.

## 5. ОРГАНИЗАТОР НА НАТПРЕВАР

Член 25.

Организатор на натпревар е клубот кој игра на свој терен, или кој треба да игра на свој терен, а поради одредени причини одреден е некој друг терен, кој мора да е регистриран за тој степен на натпреварување.

Организаторот е одговорен за спроведување на организацијата на натпреварот во согласност со одредбите од овој Правилник, Пропозициите за натпреварување, Законот за јавни собири и Закон за спречување на насилство и недолично однесување.

## 6. ПРАВО НА НАСТАП

Член 26.

На официјални првенствени и куп натпревари право на настап за одреден клуб имаат сите играчи кои поседуваат пропишана лиценца за настап издадена од Регистрациската комисија на КФСМ. Предуслов за издавање на лиценцата е потврда за уредно извршен лекарски преглед.

Член 27.

За секоја натпреварувачка сезона поединечно, Управниот одбор на КФСМ ја утврдува старосната граница за право на настап во лиги, или на турнири на млади категории.

Член 28.

Екипа која ќе настапи со играч кој е неправилно или воопшто не е регистриран, играч кој е под суспензија или издржува одредена казна, го губи натпреварот службен резултат 20:0 и не добива бод предвиден за пораз.

Член 29.

Екипа која е казнета од кои било причини со забрана на настап, не смее да настапи, го губи натпреварот со службен резултат 20:0 и не добива бод предвиден за пораз.

Член 30.

Екипа која од неоправдани причини нема да настапи на натпревар, го губи натпреварот со службен резултат 20:0, не добива бод предвиден за пораз и парично се казнува со 30.000 денари.

Член 31.

Доколку една екипа загуби два натпревари со службен резултат во текот на една сезона, ќе биде исклучена од понатамошно натпреварување и ќе биде префрлена во

понизок степен на натпреварување, со право на настап во пониските степен во наредната натпреварувачка сезона.

Член 32.

Доколку екипата самоволно го напушти теренот за игра пред истекот на времето за игра, ќе биде санкционирана согласно Службените кошаркарски правила на ФИБА.

Член 33.

Екипа која самоволно нема да настапи на турнирски систем на натпреварување, ќе биде санкционирана согласно Дисциплинскиот правилник на КФСМ.

Член 34.

Доколку екипа биде исклучена од понатамошно натпреварување во текот на сезоната, добиените бодови се бришат.

Екипа која е исклучена од натпреварување во одреден степен на натпреварување, се префрлува во понизок степен на натпреварување.

Член 35.

Одредбите наведени во членовите 30, 31, 32 и 33 се применуваат и во случај доколку екипата се откаже од понатамошното натпреварување.

Екипа која се откажала од натпреварувањето во одреден степен во текот на самото натпреварување, нема право во истата натпреварувачка сезона да настапува во понизок степен на натпреварување.

Член 36.

Доколку делегатот и судиите донесат одлука за прекин на натпревар, кој истовремено не може да биде продолжен поради нереди, натпреварот ќе биде регистриран 20:0 за гостинската екипа при што домашната екипа не добива бод предвиден за пораз.

Ако непобитно е утврдено, дека до прекинот дошло по вина на гостинската екипа, во тој случај, гостинската екипа го губи натпреварот 20:0 и не добива бод предвиден за пораз.

Натпревар кој е прекинат поради инцидент предизвикан од страна на играч, или службено лице на натпреварот, ќе биде регистриран со резултат 20:0 во полза на екипата која не предизвикала прекин, а противничката екипа не добива бод предвиден за пораз.

Член 37.

Доколку навивачите и службените лица на обете екипи се виновни за прекин на натпревар кој не може да биде продолжен по одлука на делегатот и судиите на натпреварот, а не постојат услови за продолжување, натпреварот ќе биде во целост презакажан во друг термин и на неутрален терен, кој ќе биде одреден од комесарот за натпреварување.

Трошоците за одигрување на натпреварот ќе бидат подеднакво распоредени помеѓу двата клуба кои се виновни за прекинот на натпреварот.

Член 38.

Кога натпреварот ќе заврши пред истекот на времето предвидено за игра поради тоа што едната екипа останала само со еден играч на теренот, во таков случај:

38.1 Натпреварот ќе биде регистриран со службен резултат 2:0, доколку во моментот на прекинот екипата која останала со еден играч на терен има резултатска предност, односно се наоѓа во водство.

38.2 Натпреварот ќе биде регистриран со постигнатиот резултат во моментот на прекинот, доколку екипата која имала повеќе од два играча или комплетна екипа на теренот, се наоѓала во водство.

38.3 Во двата случаи екипата која останала со еден играч на теренот добива бод предвиден за пораз.

Член 39.

Доколку комесарот за натпреварување, по спроведена постапка, утврди дека одреден натпревар е лажиран, екипата(те) учесник(ци) во овој прекршок ќе биде(ат) исклучена(ни) од натпреварувањето и ќе се префрли(ат) во два степена понизок ранг на натпреварување.

Член 40.

Екипите се должни паричните казни изречени во билтен - соопштенија од страна на Комесарот за Натпреварување да ги уплатат на жиро-сметка во рок од петнаесет (15) дена од добивање на фактурата.

Жалба по однос на изречена парична казна согласно Пропозициите за Натпреварување, го одложува нејзиното извршување.

Доколку финансиските обврски на клубот не се намират во предвидениот рок, клубот автоматски ќе биде суспендиран и нема право на настап се додека не ги намири своите финансиски обврски.

За време на суспензија сите натпревари ќе бидат регистрирани со службен резултат 20:0 за противничката екипа, а екипата не добива бод за пораз.

Во случај кога две екипи ги немаат подмирено своите финансиски обврски, а истовремено треба да одиграат натпревар помеѓу себе, двете екипи ќе бидат суспендирани до извршување на обврските, натпреварот ќе биде регистриран со службен резултат 20:0 против двете екипи, при што двете екипи не добиваат бод предвиден за пораз.

Член 41.

Екипа која нема да ги намири своите финансиски обврски кон КФСМ, врз основа на изречени казни од страна на комесарот за натпреварување, или која било друга основа, не може да настапи во наредната натпреварувачка сезона, односно се додека не бидат регулирани сите финансиски обврски.

## 7. ДЕЛЕГАТ, СУДИИ И ПОМОШНИ СУДИИ

Член 42.

Службени лица на натпревар се Делегат, Судии и Помошни судии. За првенствени и Куп натпревари, Комесарот за Натпреварување одредува делегати на натпреварите, од листа на делегати усвоена од страна на Управниот одбор на КФСМ, на предлог на комесарот за натпреварување.

Делегатот на натпреварот го претставува органот кој раководи со натпреварувањето - комесарот за натпреварување.

Должност на делегатот на натпреварот е да ја контролира примената на одредбите предвидени за одигрување на натпревар, а во соработка со судиите треба да обезбеди играта да се одвива во регуларни услови.

За првенствени и куп натпревари, комесарот за натпреварување одредува судии на натпреварите, од листата на судии усвоена од страна на Управниот одбор на КФСМ, на предлог на Судиската комисија.

Судиите се единствено овластени за донесување на одлуки во врска со правилата на кошаркарската игра во време предвидено со тие правила издадени од ФИБА.

Помошните судии на првенствени и куп натпревари ги одредува одборот на судии во градот од каде е клубот, а во случај на потреба, истите може да бидат делегирани од страна на Судиската комисија при КФСМ, на барање на комесарот за натпреварување.

Помошните судии се должни да ги посетуваат редовните и задолжителни семинари на Судиската комисија, за да се здобијат со соодветна бесплатна лиценца, без која делегатот не смее да дозволи работа на записничката маса на кој било натпревар.

На поединечни натпревари комесарот за натпреварување во договор со Судиската комисија на КФСМ, може да одреди посебна контрола - супервизија на судењето на натпревар за кој ќе процени дека има потреба.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 43.

Сите останати прашања кои не се регулирани со овој Правилник и службените кошаркарски правила, ќе бидат регулирани со Пропозициите за натпреварување и Анексот на овој документ.

### Член 44.

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат на начин и по постапка како при неговото донесување.

### Член 45.

Толкување на овој правилник дава Управниот одбор на КФСМ.

### Член 46.

Овој Правилник стапува во сила со денот на неговото донесување од страна на УО на КФСМ, 20.09.2025 година, а со стапување на сила на овој правилник престануваат да важат сите досега донесени Правилници за натпреварување.

**АНЕКС 1**

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ (FIBA Internal Regulations – Book 1, Chapter 5)**

**Воведна напомена**

Овој анекс е веродостоен превод на Глава 5 – Кодекс на однесување од Внатрешните регулативи на ФИБА (Книга 1). Анексот служи како дополнување на актите на КФСМ и не ги повторува одредбите кои веќе се уредени во Пропозициите за натпреварување, Правилникот за натпреварување и Дисциплинскиот правилник на КФСМ. Во случај на преклопување, се применуваат актите на КФСМ, освен ако со ФИБА Кодексот е предвидена построга мерка.

**ГЛАВА 5 – КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ**

**Член 88 – Дефиниции**

(1) Термините со голема почетна буква во оваа глава имаат значења како во Внатрешните регулативи на ФИБА, освен ако поинаку не е наведено овде.

(2) За целите на оваа глава, меѓу другото:

- Гледачи се лица кои користат или поседуваат билет, акредитација или покана за, или инаку присуствуваат на официјален натпревар.
- Внатрешни информации (Inside Information) се информации за веројатното учество или настап на екипа/натпреварувач во кое било кошаркарско натпреварување, кои лице ги има поради својата позиција во спортот. Во ова спаѓаат фактички податоци за натпреварувачи, услови, тактика и сл., не спаѓаат информации што се јавно достапни или лесно прибавливи.
- Службеник за интегритет (Integrity Officer) е лице назначено од ФИБА со мандат од четири (4) години да поддржува и/или спроведува истраги за можни повреди на Кодексот и анти-допинг прописите, со обврска за независност, непристрасност и доверливост.
- Нефинансиски интерес (Non-Pecuniary Interest) е личен интерес (семејни врски, блиски пријателства и др.) без можност за директна финансиска добивка/загуба.
- Службено лице (Official) е секое лице што врши функција, е избрано/именувано на позиција или другарски го застапува правен субјект во службен капацитет.
- Осетливи групи (Vulnerable Groups) се малолетници и лица изложени на ризик поради возраст, инвалидитет, болест или потреба од грижа.

*Забелешка:* Другите поими (на пр. „Административен прекршок“, „Кошаркарска страна“, „Официјален натпревар“, „Финансиски интерес“ и сл.) се толкуваат согласно со дефинициите од Книга 1 на ФИБА и упатувањата во оваа Глава.

**Член 89 – Опсег на примена**

Под надлежност на ФИБА според овој Кодекс се: (а) Дивизиите на ФИБА; (б) Националните кошаркарски федерации; (в) асоцијации, клубови и лиги поврзани со нив или со ФИБА; (г) лица вработени, ангажирани (со или без надомест), лиценцирани или поврзани со ФИБА или горенаведените структури; (д) кошаркарски службени лица; (ѓ) учесници; (е) гледачи; (ж) организатори и кандидати за организација на ФИБА натпревари; (з) секое друго лице обврзано со Статутот и правилниците на ФИБА.

**Член 90 – „Кошаркарски страни“**

Сите субјекти од член 89 се сметаат за кошаркарски страни и подлежат на дисциплинската надлежност на ФИБА, вклучително и на санкции согласно Глава 6. Се смета дека се запознаени и ги прифаќаат Статутот, Внатрешните правилници и политиките на ФИБА.

**Член 91 – Временска важност**

Кодексот се применува на Кошаркарските страни кои се под надлежност на ФИБА во моментот кога настанал евентуалниот прекршок.

**Член 92 – Клубски натпреварувања**

Секое упатување на Национални федерации во Глави 5–7 се смета дека важи и за клубови кога е збор за клубски натпреварувања.

**ОПШТИ ПРИНЦИПИ**

**Член 93**

Кошаркарските страни се должни да постапуваат во согласност со: (а) Статутот на ФИБА; (б) Внатрешните правилници (вклучувајќи го и овој Кодекс) и сите книги на правилници; (в) сите други правила, прописи, политики и одлуки на ФИБА. Тие мора да ги почитуваат принципите на етика, лојалност, интегритет и спортски дух и да избегнуваат дејствија што би го нарушиле угледот на ФИБА и кошарката.

**ПРИЈАВУВАЊЕ И ИСТРАГИ**

**Член 94**

Сите Кошаркарски страни се охрабруваат да пријават сомнеж за повреда на овој Кодекс. Доставените информации се користат само за истрага или дисциплинска постапка.

**Член 95 – Обврска за итно пријавување**

Обврска за итно пријавување постои особено во случаи на: (а) конфликт на интереси кај службени лица на ФИБА или поврзани страни; (б) корупција, обложување или местење натпревари (вкл. обиди/понуди, информации за трети лица, сомнеж за изборни манипулации или организација на настани); (в) заштита на осетливи групи (сомнеж за злоупотреба/вознемирување/запоставување на малолетници, лица со инвалидитет или зависни лица).

**Член 96**

Пријави може да се поднесат и анонимно преку онлајн систем на веб-страницата на ФИБА.

**Член 97 – Доверливост**

Пријавите се третираат како доверливи, освен кога (а) мора да се споделат за целите на истрага; (б) информацијата е јавно достапна; или (в) тоа го наложуваат правилата на ФИБА или националните закони.

**Член 98 – Забрана на одмазда**

Забрането е вршење притисок/закани или заплашување за да се спречи пријавување, сведочење или соработка во истрага. Секој обид за одмазда е строго забранет.

**Член 99 – Обврска за соработка**

Сите Кошаркарски страни се должни целосно да соработуваат со ФИБА (појава и сведочење, доставување информации, пристап до документи и податоци).

**Член 100 – Опструирање на истрага**

Се забранува уништување/сокривање документи, манипулација со докази или прикривање информации.

**Член 101 – Достава на податоци**

ФИБА може да побара непосредна достава на релевантни записи и материјали (комуникации, финансиски/други податоци и сл.).

**Член 102 – Споделување информации**

ФИБА може да споделува информации со надлежни органи, анти-допинг агенции и лиги, во согласност со важечкото право.

**Член 103 – Ресурси за истраги**

ФИБА обезбедува соодветни ресурси за истраги (истражители, правни трошоци, експерти, системи за мониторинг); Офицерот за интегритет делува независно и доверливо.

**ОДНЕСУВАЊЕ ПОВРЗАНО СО ОФИЦИЈАЛНИ НАТПРЕВАРИ – КОДЕКС НА ФЕР-ПЛЕЈ**

**Член 104–106**

ФИБА застапува сет „Златни правила на фер-плеј“, кои важат за сите официјални натпревари и активности (освен ако конкретен правилник не одреди поинаку).

**Член 107 – Златни правила**

(а) Играј чесно. (б) Играј за победа, но прифати пораз со достоинство. (в) Почитувај противници, соиграчи, судии, службени лица и гледачи. (г) Прифати еднаквост. (д) Промовирај ги интересите на кошарката. (ѓ) Пофали ги оние што ја штитат честа на спортот. (е) Одбиј корупција, дроги, расизам, насилство, обложување и сл. (ж) Помогни им на другите да одолеат на притисоци. (з) Осуди ги оние што го загрозуваат спортот. (ѕ) Користи ја кошарката за подобар свет.

**Член 108 – Обврски на домаќинот**

Домашната национална федерација мора да организира службен натпревар согласно упатствата, прирачниците, правилниците и одлуките на ФИБА (сала и опрема; безбедност; заштита на сите учесници; исполнување договорни обврски; почитување маркетинг-барања; неутрално користење музика/микрофони).

**Член 109 – Обврски на учесниците**

Федерациите што учествуваат мора да не користат нерегистрирани/неодобрени играчи; да немаат повеќе од еден натурализиран играч над 16 г. (видете член 3-21); и да обезбедат најмалку 10 валидни играчи за секој натпревар.

**Член 110 – Неспортско однесување**

Забранети се: закани, навреди, физички напади; политички/расистички/провокативни пораки или гестови; оштетување опрема/инфраструктура; навредливи изјави или однесување.

**Член 111 – Одговорност за гледачи**

Домашната федерација е целосно одговорна за однесувањето на гледачите во и околу салата.

**Член 112 – Однесување на гледачите**

Забрането е поттикнување насилство или пиротехника; фрлање предмети/ласери; влегување на терен без дозвола; заканувачко, омаловажувачко или агресивно однесување.

## АДМИНИСТРАТИВНИ ПРЕКРШОЦИ

**Член 113 – Поим и примери**

Кошаркарските страни мораат да ги почитуваат: прирачниците и протоколите за организација, официјалните писма/циркулари, правилата за опрема и изглед на униформи. Административни прекршоци се, меѓу другото: (а) пропуштени рокови (на пр. при регистрација); (б) недоставување податоци за пренос/статистика; (в) недоставување резултат навреме или нецелосен е-извештај; (г) непочитување визуелен идентитет; (д) одбивање/непојавување на прес или блиц-интервју; (ѓ) доцнење на терен повеќе од 15 минути (освен виша сила).

**Член 114 – Санкции**

Овие прекршоци не се изедначуваат со тешки повреди (како местење или корупција), но може да доведат до: опомена, парични казни, суспензија од организирање официјални натпревари или губење одредени права (домаќинство итн.).

**Член 115 – Надлежност**

ФИБА може да санкционира административни прекршоци согласно релевантните дисциплински одредби.

## КОДЕКС НА ЕТИКА И ИНТЕГРИТЕТ

**Член 116 – Цели**

Да се обезбеди фер, етичко и транспарентно управување и натпреварување; заштита на интегритетот на кошарката; стандарди за однесување; правична и ефикасна постапка.

**Член 117 – Подобност**

Сите кои бараат, држат или извршуваат функции во органите/структурите на ФИБА мора да ја докажат подобноста согласно Кодексот и другите правила.

**Член 118 – Опсег на примена**

Кодексот важи за сите Кошаркарски страни, без оглед на функцијата или дали примаат надоместок.

**Член 119 – Усогласеност со други правила**

Кодексот се применува заедно со другите правила на ФИБА (вкluч. анти-допинг); во случај на конфликт, се применува построгата мерка во корист на интегритетот.

**Член 120 – Санкции**

За повреди под овој дел можат да се изречат мерки што опфаќаат опомена, отстранување од функција, времено исклучување/суспензија, парична казна и др., согласно применливите дисциплински правила.

**Член 121–125 – Избори**

Правила за интегритет на изборни процеси и кандидатури; забрана на недозволено влијание, подароци, злоупотреба на ресурси; обврска за транспарентност и пријавување нередовности.

**Член 126–129 – Судир на интереси**

Обврска за избегнување/откривање реален, потенцијален или перцепиран судир на интереси; мерки за изземање и управување со судири.

**Член 130–155 – Повреди под Кодексот на етика и интегритет**

Вклучуваат, меѓу другото: вознемирување и злоупотреба, недолично однесување спрема осетливи групи, корупција/мито/обложување и местење натпревари, злоупотреба на доверливи информации, манипулација со избори, несоодветни подароци/бенефити, непочитување мерки/одлуки, повреди на анти-допинг правилата итн.

**Член 156 – Управување со Кодексот на етика и интегритет**

Определува надлежности за спроведување, мониторинг, извештајност и постапување по пријави согласно ФИБА процедурите.

**НАЦИОНАЛНИ ФЕДЕРАЦИИ – ОБВРСКИ**

**Член 157–162**

Националните федерации се должни: (а) да го усвојат и имплементираат овој Кодекс (или еквивалент усогласен со него) во нивните национални акти; (б) да назначат контакт-лице/структура за интегритет; (в) да обезбедат едукација и превенција; (г) да гарантираат дека нивните натпреварувања се организираат во согласност со Кодексот и упатствата на ФИБА; (д) да постапуваат дисциплински против

клубови/играчи/службени лица кои го прекршуваат Кодексот; (ѓ) да соработуваат со ФИБА во истраги и постапки.

**Завршни одредби**

Овој Анекс стапува во сила со денот на неговото усвојување и е составен дел на актите на КФСМ, со важност во рамките на надлежноста на КФСМ и во согласност со правилата на ФИБА. Секое прашање неуредено во овој Анекс се уредува според важечките ФИБА акти и релевантните акти на КФСМ.

| | |
|---|---|
| **Претседател на КФСМ** | **Комесар за натпреварување** |
| **Томе Главчев** | **Александар Милојевиќ** |